Општина Прилеп е една од десетте општини кои после поднесените апликации се избрани за учество во имплементација на проектните активности на програмата „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ во периодот 2022 – 2023 година. На крај на 2023 година проектот е веќе во завршна фаза на реализација.

Во 2023 година (ноември) реализирана е дигиталната компонента на проектот преку обезбедување на опрема за подобрување на транспарентноста на општинскиот совет преку воведување и користење на иновативни ИКТ алатки, конкретно набавена е и инсталирана опрема во салата на Советот на Општина Прилеп преку која се пренесуваат во живо седниците на советот во износ од 10.000 УСД.

Во текот на 2023 година, во периодот од март до мај реализирани се Форумите во заедницата - четири форумски сесии за избор на приоритетни проекти. На четвртата форумска сесија од страна на учесниците, како приоритетен проект за реализација во рамките на овој проект беше избран проектот **„Поставување на урбана опрема - реквизити за инклузивно детско игралиште“** за кој беше комплетирана потребната документација и апликација до програмата „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ имплементирана од УНДП. После завршување на сите процедури, распишана е јавна набавка и склучен договор со економски оператор. Во ноември 2023 започната е реализација, дел од активностите се реализирани во 2023 година, а краен рок за завршување на сите активности за овој проект е март 2024 год.

Финансиски средства за реализација на овој проект:
Вкупно: 3.703.725,00 ден. – според апликација
2.666.682,00 ден. донаторски средства
1.037.043,00 ден. кофинансирање од Општина Прилеп + обезбедување на надзор на изведбата на работите.

Преку истиот проект од страна на донаторот обезбедена е консултантска поддршка за Општина Прилеп за изработка на Интегриран план за локален развој на Општина Прилеп за периодот 2024-2027 година, а процесот започнува на почеток на 2024 година. Програмата „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“ ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со национални и локални партнери.

2. **Програма Општинско Корисна Работа на УНДП**

Проект: “Во служба на заедницата преку Општинско - корисна работа”

Период на реализација: 01.07.2023 - 31.03.2024
За образовните асистенти од 01.09.2023 до 31.05.2024
Ангажирани се 12 лица:

- 6 лица како негователки во детски градинки „Наша Иднина";
- 1 лице како неговатека во Дом за стари лица „Киро Крстески Платник"
- 1 лица како неговател/ка во Дневен центар за лица со церебрална парализа
- 1 лице како фасилитатор за поддршка на социјални услуги за Роми повратници во соработка со НВО
- 3 лица како образовни асистенти во Средните училишта за поддршка на ученици со попреченост кои се вклучени во редовна настава (започнаа со ангажман на 01.09.2023 година, со стартот на учебната година)

Месечен износ за исплата за едно лице е 13.750 МКД (бруто).
Општина Прилеп ко-финансира 20% од износот.

Вкупен износ на проектот по договор: 1.485.000,00 ден.
Од УНДП: 1.188.000,00 ден. (80%)
Од Општина Прилеп: 297.000,00 ден. (20%)
Бидејќи проектот опфаќа две години - 2023 и 2024, дел од овие средства се исплатени во 2023 година, остатокот се за исплата на лицата во 2024 година.

3. Проект на UNDP „**Зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективна социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан"**

Проектот има повеќе компоненти кои се однесуваат на повратниците во Западен Балкан од ромската заедница и се спроведува регионално, во Македонија, Србија и Албанија. Од Македонија се вклучени три општини: Прилеп, Штип и Шуто Оризари. Проектот е во завршна фаза на имплементација.
Во текот на 2023 година се продолжи со реализација на средби со релевантни чинители во врска со имплементацијата на овој проект кои се однесуваат на поддршка и интеграција на Ромите повратници од странство во општеството. Од страна на вработените во Одделението за ЛЕР реализирани се активности за прибирање на податоци, проследување на информации, во врска со проектот и со консултантот за доработка и корекција на нацрт верзија на Стратегијата за локален економски развој на Општина Прилеп за периодот 2024-2028, која после доработката и финализацијата ќе биде доставена до Советот на Општина Прилеп за усвојување.
Во делот на проектот кој опфаќа мали грантови за проекти во вкупен износ од 80.000 евра насочени кон потребите на повратниците и создавање на услови за нивна полесна и побрза инклузија, во текот на 2022 година беа одржани две форумски сесии и од страна на учесниците беше направената листа на 5 приоритетни проекти. Од страна на УНДП беа избрани првите два проекти и истите беа реализирани во текот на 2023 година, во соработка со ООУ „Добре Јованоски" и Општина Прилеп:

- „Реконструкција/рехабилитација на повеќенаменско спортско игралиште во ООУ Добре Јованоски "
- „Унапредување на условите за доформување на основно образование и дополнителна настава за повратниците и учениците во ООУ Добре Јованоски Прилеп" - опремување на две училници за доформување на основно образование за возрасни и дополнителна реализација на софт мерки како турнир во мал фудбал, психосоцијална поддршка на повратниците и сл.

Двата проекти се пуштени во употреба на 20.10.2023 год.

Во ООУ „Добре Јованоски" за повратниците се спроведува програма за дооформување на основно образование, една група заврши во текот на 2023 година, а имаме информација од дека за 2024 ќе започнат нови групи.

4. Проект: **Обезбедување пристојни услови за живот на ромските домаќинства во Општина Прилеп – СДЛР.** Проектот е дел од ИПА 2 програмата како дел од Годишната акциска програма за 2019 година за Република Северна Македонија, финансирана од Европската Унија. Вкупен износ на проектот 893.910,00 евра од кои Општина Прилеп кофинансира со 70.480,00 евра согласно одлука на Совет на Општина Прилеп бр. 09-1327/5 од 27.05.2021 година. Лидер организација на проектот е ЧЕЛИМ од Милано - Италија, Општина Прилеп и Ромскиот Ресурсен Центар се ко-апликанти на проектот, додека НВО Рома Перспектив од Прилеп е асоцијативен партнер на проектот. Проектот опфаќа повеќе компоненти чија реализација е распределена на сите партнери, како: изработка на детални урбанистички планови за делови од населба Тризла, реконструкција на индивидуални објекти за домување, реализација на приоритетен инфраструктурен зафат, легализација на објекти на ромското население и др.
   Општина Прилеп во текот на 2023 година изработи техничка документација за реконструкција на водоводна мрежа во дел од населбата „Тризла" - ул. „Дебарца" - **„Реконструкција на водоводна мрежа во повисокиот дел од ул.Дебарца и секундарни краци – втор дел"** во рамките на ГУП, а се работеше и на предмети за легализација на објекти на Ромското население кои биле веќе во процедура.

5. Учество во Програма **РОМАЦТЕД ИИ** на Советот на Европа. Во декември 2021 година потпишан е меморандум за соработка помеѓу Општина Прилеп, Советот на Европа и Министерството за труд и социјална политика за спроведување на програмата РОМАЦТЕД ИИ. Согласно меморандумот, во април 2023 година, усвоени се Заедничкиот акционен план на Општина Прилеп и Ромската заедница за период Јануари 2023 - Јуни 2024 и акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 кај ромската заедница во пост – КОВИД периодот на локално ниво за период од 2023-2024 год., како и Локалниот акциски план на Општина Прилеп и Ромската заедница за 2023-2026.
   Во рамките програмата за мали грантови, Општина Прилеп во ноември 2022 год. аплицираше со проект **„Поставување на соодветни технички средства – легнати полицајци, пешачки премини и сообраќајни знаци на најфреквентните места на движење и пост КОВИД превенција и мерки за закрепнување во образованието за млади и возрасни Роми"** со две акции во вкупен износ од 14.900 евра. Двете акции се одобрени и со реализација се започна во 2023 година, а ќе заврши до јуни2024 година:
   - Акција 1 „Поставување на соодветни технички средства – легнати полицајци, пешачки премини и сообраќајни знаци на најфреквентните места на движење" доделени се средства во износ од 4.910,00 евра - од оваа акција во фаза на имплементација е Дел 1 „Поставување на соодветни технички средства – пешачки премини и сообраќајни знаци на најфреквентните места на движење во населбата „Тризла" и ќе заврши до 1 март 2024 год. Останатите активности ќе се реализираат во 2024 год.
   - Акција 2 „Пост КОВИД превенција и мерки за закрепнување во образованието за млади и возрасни Роми" доделени се средства во износ од 9.990,00 евра. Оваа акција се состои од повеќе активности. Во 2023 година започна со реализација активноста за дооформување на четврт степен на средно образование за млади и возрасни Роми. Беше објавен конкурс на кој се пријавија 4 лица кои ги исполнуваат условите и истите се запишани во две средни училишта СОУ Ристе Ристески Ричко (2

лица) и СОУ Ѓорче Петров (2 лица). Со двете училишта се склучени договори за финансиска поддршка. Останатите активности ќе се реализираат во 2024 год.

6. Учество на Општина Прилеп во проектот **ФЕАСТ - Фоод сѕстемс тхат суппорт транситионс то хЕалтхѕ Анд Сустаинабле диеТс** програмата ХОРИЗОН-ЦЛ6-2021-ФАРМ2ФОРК-01-15 — Транситион то хеалтхѕ анд сустаинабле диетарѕ бехавиор.
   Со овој проект Општина Прилеп стана дел од конзорциум од вкупно 35 партнери од 15 европски земји кои заеднички ќе спроведат 5 годишен проект со име **ФЕАСТ (Системи на храна кои поддржуваат транзиција кон здрава и одржлива исхрана)**. Координатор на проектот е Универзитетот од Хајделберг, Германија. Партнерите во проектот се експерти од областа на земјоделството, здравата исхрана и јавното здравје. Покрај општина Прилеп, учествуваат и општините на градот Авињон од Франција, Ситија од Грција, Лувен и Гент од Белгија и Ротердам од Холандија. Повеќе информации се достапни на веб страната на проектот: www.feast2030.eu . Проектот е во фаза на имплементација, а ќе трае до 2026 година. Вкупен износ на проектот за Општина Прилеп е 42.400 ЕУР за 5 години.
   Во текот на 2023 година се одржани повеќе состаноци со партнерите на проектот од ЕУ, на релевантни теми. На ниво на Македонија дефинирана е целната група (деца од детските градинки) со кои во соработка со партнерот АРЕТЕ, како и со Здружението на негуватели и воспитувачи во детски градинки, УНИЦЕФ, Министерство за труд и социјална политика и Центар за јавно здравје – Скопје ќе се работи на изработка и подобрување на менијата за исхрана со здрава храна во детските градинки.
7. **Проект „Реконструкција на водоводна мрежа во повисокиот дел од ул. Дебарца и секундарни краци – прв дел“,** Општина Прилеп.
   Проектот е аплициран и одобрен од Министерство за транспорт и врски за користење на средства од Буџетот на МТВ за 2023 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите. Вкупен одобрен износ: 1.148.250,00 ден. со вклучен ДДВ.
   Потребно е да се распише јавна набавка за реализација на проектот. Проектот се реализира во соработка со Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи.

8. **Проект „Подобрување на комуналната инфраструклтура за атмосферски води во Општина Прилеп“**
   Проектот е аплициран на јавниот повик од Програмата за инвестиции во животната средина за 2023-2024 година објавен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). Проектот е одобрен и потпишан е договор во јуни 2023 година. Конкретно проектот се однесува на зацевување на атмосферски канал на ул. „Александар Македонски“, поточно од улицата до Оревоечка река.
   Во текот на 2023 (од јули до крајот на годината) година беше подготвена комплетна техничка документација, па во текот на 2024 година потребно е да се распише јавна набавка за негова реализација.
   Вкупно доделени средства по договод од страна на Министерството: 5.500.000 ден. (со вклучен ДДВ), а вкупен износ според предмер-пресметка - околу 6.000.000 ден. Разликата како кофинансирање ја обезбедува Општината.
   Проектот се реализира во соработка со Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи и ЈКП „Водовод и канализација“.

9. Проект **„Подобрување на ефикасноста на јавниот градски превоз во Општина Прилеп“**

   Проектот е одобрен од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој (БРР) од повикот за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој за 2023 и 2024 година. Договорот со БРР е потпишан на 04.12.2023 год. и согласно договорот за реализација на проектот доделени се финансиски средства во вкупен износ од 2.000.000,00 денари со вклучен ДДВ за набавка на минибус за јавен градски превоз. Во текот на 2024 треба да се распише јавна набавка за реализација на проектот. Вкупен износ на проектот по проектна апликација: 4.500.000,00 ден. со вклучен ДДВ.
   Проектот се реализира во соработка со ЈП за ПУП.
10. Техничка поддршка на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи за спроведување на проектот **„Изработка на урбанистички планови за 30 населени места во руралните подрачја во Општина Прилеп: Тополчани, Ерековци, Мажучиште, Селце, Кадино Село, Галичани, Алинци, Ново Лагово, Витолиште, Чепигово, Клепач, Подмол, Загорани, Голем Радобил, Веселчани, Крушевица, Штавица, Тројкрсти, Дабница, Бонче, Волково, Старо Лагово, Беловодица, Плетвар, Шелеверци, Тројаци, Прилепец, Ракле, Манастир и Леништа“.** Проектот се спроведува од 2019 година. Поддршката се состои во комуникација со донаторот – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

## III. <u>Проекти кои се реализираат во соработка со Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион</u>

**1. Проект „Прекугранично спречување и менаџирање со поплави и шумски пожари – SOLVE“**

Апликант: Центар за развој на Пелагониски плански регион, Програма за прекугранична соработка со Грција, одобрен во април 2021 година. Во текот на 2023 година од страна на Центар за развој на Пелагониски плански регион до Општина Прилеп – ТППЕ Прилеп доставена е опремата која е набавена преку проектот:

- Јакни за шумски пожари, 30 парчиња
- Панталони за шумски пожари, 30 парчиња
- Чизми за шумски пожари, 30 парчиња
- Шлемови за шумски пожари, 30 парчиња
- Ракавици за шумски пожари, 30 парчиња
- Маски за шумски пожари, 43 парчиња

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 32.204 ЕУР или 1.983468 ден. без ДДВ.

**2. Проект „Зајакнување на институционалните капацитети во Пелагонискиот регион за подобрување на социјалните услуги и заштита на животната средина“** преку кој во Општина Прилеп се реализираше проект за поставување на фотоволтаици и систем за топла вода во Домот за стари лица „Киро Крстески Платник“. Проектот е аплициран и одобрен преку Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион до Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој, како дел од регионалните проекти за 2022 година.

Вкупен одобрен износ околу 6.753.908,00 денари. Во текот на 2023 година е започната реализација на овој проект и треба на почеток на 2024 да биде завршен.

Согласно договорт за партнерство бр. 03-4057/1 од 22.11.2022 год. Општина Прилеп на ЦРППР има исплатено кофинансирање за административно управување на проектот во

износ од 405.280,00 ден. согласно Законост за рамномерен регионален развој во Декември 2022 год. Општина Прилеп обезбедува и стручен надзор над изведбата. Проектот се спроведува од страна на ЦРППР во соработка со Општина Прилеп и ЈУ Дом за стари лица „Киро Крстески - Платник“ - Прилеп

3. **Проект „Подобар квалитет на живот на населението и заштита на животната средина во пелагонискиот регион преку планирање и инвестиции во комуналната инфраструктура“**

   Проектот е аплициран и одобрен преку Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион до Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој, како дел од регионалните проекти за 2023 - 2024 година. Преку овој проект во Општина Прилеп во 2024 година ќе се реализира **Проект за изградба на таложник на колекторски систем во ПСОВ Прилеп.**

   Вкупен износ на проектот е 8.250.147,00 ден. од кои 5.824.722,00 ден. се обезбедени од страна на МЛС – Биро за регионален развој, а останатите средства во износ од 2.425.425,00 ден. се кофинансирање од Општина Прилеп за што е донесена и Одлука на Совет за кофинансирање 09-4131/15 од 01.12.2022 и измена на одлука 09-1077/25 од 15.03.2023 год.

   Општина Прилеп обезбедува и стручен надзор над изведбата

   Согласно договорт за партнерство бр. 03-3985/2 од 07.12.2023 год. Општина Прилеп на ЦРППР има исплатено кофинансирање за административно управување на проектот согласно Законост за рамномерен регионален развој во износ од 742.513,00 ден.

   Проектот ќе се спроведува од страна на ЦРППР во соработка со Општина Прилеп и ЈКП „Водовод и канализација“ - Прилеп

4. Вработените учествуваа на работилници, обуки, регионални форуми за приоретизација на регионални проекти за 2024-2025, презентации организирани за општините во Пелагонискиот регион.

## IV. <u>Поднесени проектни апликации во фаза на евалуација или одобрени за реализација:</u>

1. **Програма ИНТЕРРЕГ ИПА АДРИОН**

   **Акроним на проектот: АЛЕРТ**

   **Назив на проектот: Адванцед Лоцал Емергенцѕ Респонсе Тацтицс**

   Предвидени средства за Општина Прилеп: 199.998,00 ЕУР

   Од кои за Опрема 135.000 ЕУР (противпожарно возило за шумски пожари 100.000 ЕУР, 20 сетови на заштитни одела и опрема за шумски пожари 22.000 ЕУР, и професионален дрон за мониторинг на шумски пожари 13.000 ЕУР)

   Партнери:

   ЛП Протезионе Цивиле Пуглиа, Италѕ
   ПП2 Цитѕ оф Тузла, Босниа-Херзеговина
   ПП3 Сплит Далматиа Цоунтѕ, Цроатиа
   ПП4 Муниципалитѕ оф Прилеп, Мацедониа
   ПП5 Университѕ оф Ријека, Фацултѕ оф Цивил Енгинееринг, Цроатиа
   ПП6 Полтецхниц Университѕ оф Тирана, Фацултѕ оф Геологѕ анд Мининг, Албаниа
   ПП7 Муниципалитѕ оф Схкодра, Албаниа
   ПП8 Фирефигхтинг Ассоциатион оф Словениа, Словениа
   ПП9 Министрѕ оф Интериор, Монтенегро

   Проектот е во втора фаза на евалиација

2. **Проект „Реконструкција на стари градски извори - Лековски извори“**

   Во соработка со ЈКП „Водовод и канализација“ поднесена е апликација до Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во програмата „Подобрување на водната

инфраструктура во општините во РСМ“ за која се обезбедени средства од од ЕИБ Вкупна вредност на проектот: 51.800.718,30 ден, или 842.288,10 ЕУР (без ДДВ)
Поднесена е апликација, комплетна техничка документација од страна на ЈКП „Водовод и канализација“ и друга потребна документација. Проектот е одобрен за финансирање во нареден период.

## V. Проектни апликации кои беа поднесени во текот на 2023 година, но не се одобрени:

1. Програма ИНТЕРРЕГ ИПА АДРИОН – проект со акроним DUMCAR, Driving Urban Mobility Change in the Adrion Region, кој се однесуваше на воспоставување на мултимодални состеми на урбан транспорт. Планиран буџет за Општина Прилеп (PP7) беше 105.840 ЕУР

Проектни партнери:

| | |
|---|---|
| Словениа | Муниципалитѕ оф Постојна / ПП1 |
| Цроатиа | Инвенто Цапитал Партнерс / ПП2 / ОПТИМ |
| | Цитѕ оф Пазин / ПП3 |
| Италѕ | Университѕ оф Падуа - Интеруниверситѕ Ресеарцх Центре он Публиц Ецономицс (УНИПД-ЦРИЕП) / ПП4 |
| | Муниципалитѕ оф Абано Терме (АБАНО) / АП |
| Босниа анд Херзеговина | РЕГИОНАЛ ЕДУЦАТИОН АНД ИНФОРМАТИОН ЦЕНТЕР ФОР СУСТАИНАБЛЕ ДЕВЕЛОПМЕНТ ИН СОУТХ-ЕАСТ ЕУРОПЕ (РЕИЦ) / ПП5 |
| | Цитѕ оф Сарајево / АП |
| Албаниа | Институте фор Албаниан Муниципалитиес / ПП6 |
| | Муниципалитѕ оф Каваја / АП |
| Мацедониа | Муниципалитѕ оф Прилеп / ПП7 |
| Греецe | Девелопмент Органисатион оф Муниципалитѕ оф Ларисса /ПП8 |
| | Хеллениц Институте оф Транспорт (ХИТ) / ЦЕРТХ / ПП9 |

2. Поднесена проектна апликација до првиот повик на Проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ за обезбедување на финансиска помош во изработка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти во рамките на Фондот за техничка документација за изработка на комплетна техничка документација за проект **„Реконструкција и доградба на дел од улица „Александар Македонски“ во индустриска зона на град Прилеп“,** со вкупен износ од 3.431.700,00 ден., односно 60.500 УСД. Проектот и повикот ги спроведуваат УНДП и Бирото за регионален развој. Проектот е на резервна листа.

## VI. Други активности на Одделението за ЛЕР и прекугранична соработка и вработените:

1. Учество од страна на вработен во Одделението за ЛЕР, како претставник на Општина Прилеп при организација и реализирање на следните настани и активности во календарската 2023 год. :
   - Карневал „Прочка“;
   - Мариовско-Мегленски културни средби;
   - Денови на Крали Марко;
   - Меѓународен натпревар во болдеринг „Крали Марко болдер фестивал“;
   - Велосипедски камп „Тура преку Слива “;
   - Велосипедски камп „Ramniste cave MTB 2023“ ;
   - Меѓународен натпревар во планинско трчање „Momata Rock Trail“;
   - Велосипедски настан „Сите на велосипед“ ;
   - Џез фестивал „Prilep Jazz weekend“ ;
   - Изложба на фотографија „Карневал Прочка“;

- Организација на „Новогодишен базар 2023“
- Организација на „На Василица во Прилеп 2023“;
- Организација на „Богојавление - Водици 2023“
- Организација на „Prilep Outlet Weekend“;
- Организација на градската слава „Св.Никола“
- Организирање на свечена седница на Општина Прилеп по повод „3ти Ноември“;
- Организација на настан со мотото ,,Прилеп - Борец, херој, хуманитарец" за одбележување на 3-ти Ноември, Денот на ослободувањето на Прилеп;
- Организација на Денот на ослободувањето на Прилеп „ 11 Октомври“;
- Организација на манифестацијата „Млеко 2023: Вкусот на ливадите “.

2. Учество во организација на седниците на Економски совет на Општина Прилеп
3. ISO 9001:2015 стандард – спроведување на редовна годишна интерна и надзорна проверка
4. Учество во В40 мрежата на градови од Балканот
5. Учество на работилници и поддршка при организација на истите од проектот ЕНТЕГ одобрен од ИПА програмата за прекугранична соработка со Грција, имплементиран од страна на COSV Македонија.
6. Учество во работни групи за изработка на локалните планови за управување со отпад и локалниот план за клима и енергија.
7. Следење на огласи за достава на проектни апликации од домашни и странски донатори (IPA, UNDP, USAID, SDC, Светска банка, GIZ, програми и повици од Министерствата, Биро за регионален развој, АФПЗРР, НВО и др.), подготовка и поднесување на проектни апликации.
8. Учество на работилници и средби, комуникација со донатори: УСАИД, УНДП, СДЦ, Светска банка, Делегација на ЕУ, JTS, Амбасади и др., учество на инфо денови во врска со објавени повици и сл.
9. Пополнување на прашалници доставени од страна на донаторски организации, агенции и невладини организации и доставување на материјали
10. Соработка со деловните субјекти, Регионалната стопанска комора – Прилеп и Регионалната занаетчиска комора - Прилеп
11. Ажурирање на базите на податоци за деловните субјекти
12. Соработка со национални, регионални и локални институции, НВО – потпишани меморандуми на соработка, реализирани донациии и сл.
13. Учество во Општински совет за социјална заштита на Општина Прилеп, учество на состаноци и поддршка при организација на истите.
14. Учество во Институционалната и Општинската работна група на ROMACTED програмата, организирање и учество на состаноци
15. Заверка на нормативи за храна и пијалоци,
16. Заверка на пријави за работно време на угостителски објекти и други објескти согласно закон,
17. Категоризација на мали сместувачки капацитети,

Раководител на Одделение за ЛЕР и прекугранична соработка
Винета Иваноска

_____________________

Прилеп, 06.03.2024 год.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975  322 454; +38975 247 107
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА
## ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
## ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА
## „БОРКА ТАЛЕСКИ“- ПРИЛЕП
## СО ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## ЗА 2023 ГОДИНА

**Прилеп, март 2023**

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 322 454; +38975 247 107
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работата на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“-Прилеп со финансиски извештај за 2023 година

## 1. Вовед

Јавната општинска установа (ЈОУ) Градска библиотека „Борка Талески“ – Прилеп, 2023 година ќе ја евидентира како година во која што се остварени голем број програмски и инвестициски активности. Реализиран е планот за работа во делот на манифестации, промоции, соработка со сродни институции, одбележувања на значајни датуми поврзани со авторите на роднокрајното творештво, но и пошироко. Одржани се бројни настани со коишто установата ја потврдува и натаму успешно ја остварува својата примарна библиотечна дејност, но и како установа која што е релеватен фактор во процесот на информирање на јавноста на локално ниво, нејзина обврска согласно законската регулатива.

Забележителен е интересот на читачката јавност, во овој период пост пандемијата на „Ковид-19“. Може слободно да се заклучи, дека и покрај недоволната кадровска екипираност, техничка опременост и просторен недостиг, сепак се реализираат обемни активности, така што установата ја извршува улогата на релевантен сервис на граѓаните во својата заедница во сферата на библиотечната дејност. Библиотеката ја

чува, штити, зајмува и збогатува богатата библиотечна поставка која брои над 120.000 библиотечни единици.

Набавена е литература за детскиот и одделот за возрасни, при што се следи, ако може така да се рече, „последниот збор“ во македонската издавачка дејност. Голем број нови изданија во научната сфера, енциклопедии, речници, каталози, стручни списанија, особено оние посветени на книжевноста, поезијата, достигнувањата во македонски рамки, се набавуваат и преку НУ НУБ „Свети Климент Охридски“-Скопје, како матична библиотека во дејноста.

Добиени се нови изданија и од Македонска Академија на Науки и Уметности (МАНУ), добиени се книги од бројни автори од земјава и странство, донации од граѓани кои што перманентно подаруваат книги, кои се дел од нивните приватни библиотеки.

Во рамките на соработката со одделни македонски издавачи реализирани се и саеми на книгата, со што, иако скромно, сепак се збогатува книжниот фонд на установата.

Грижата за Роднокрајната и Раритетна поставка продолжува. Освен литературата која што ја негува установата со децении, започнатиот процес на создавање уште една репрезентативна поставка на уметнички слики од прилепски автори во 2022, продолжи минатата 2023 година. И оваа постапка ќе биде дел од библиотечниот фонд, како некнижна збирка, која што ќе има и свое место во Cobiss системот, а ќе придонесе и за поголема афирмација на нашата установата, културата, градот воопшто.

Имајќи го предвид фактот, дека многу прилепски академски сликари, уметници, се во редот на најреномираните во земјава, одлучивме во

договор со авторите, за помали износи да откупуваме нивни дела, кои (ќе) ја красат Библиотеката. Поставката со статус на трајна изложба и тенденција перманентно да се збогатува, официјално беше отворена во 2023 година, при што предизвика голем интерес на културата јавност. Од нејзиното отворање до денес, ја посетуваат стотици граѓани секој месец. Оваа активност на установата, која што говори за автентичноста на нашата уметност и култура треба да продолжи и во 2024 година, но и натаму. Многу уметници родени во Прилеп, кои творат во други градови (претежно во Скопје)во земјата и во странство, а нивните дела ги красат реномирани галерии во земјава и странство, имаат свои дела во нашата установа, т.е. се дел од нашата поставка. Оттука оваа иницијатива треба да продолжи, со цел поставката да се дооформи. На тој начин поставката ќе ја раскажува приказната за виртуозноста на прилепските уметници, од дамнешни времиња до денес. Сé не се купува само со пари, овој пат идејата е повредна од парите.

Библиотеката за своите активности континуирано ја известува својата таргет група, но и сите граѓани кои се почитувачи на книгата, книжевноста, и културата воопшто, преку веб и фејсбук-страницата. Процесот на ребрендирање на установата продолжува во сите сегменти. Внимателно се води сметка, за рејтингот што го ужива установата во јавноста. Преку детална и посветена организација на настани, избор на гости, автори, експерти, избор на содржини, промоции на дела ... Целата програма внимателно се компонирана, со цел библиотеката да биде промотор и афирматор на вистински вредности во литературата, книжевноста, со 79 годишна традиција на постоење, негување и создавање културни вредности.

На овој начин го враќаме долгот кон основоположниците на македонската писменост, јазик, култура: Марко Цепенков, Блаже Конески, Круме Кепески, Стале Попов и плејада други македонски автори-втемелувачи на македонската книжевност.

Во рамките на активностите се негуваат релациите и се поттикнува љубовта кон македонскиот јазик, книжевност и творештво, кај младата популација. Се одржуваат натпревари, конкурси, се поттикнува креативноста кај учениците, младите, но и возрасната популација.

Во продолжение на овој документ, ќе бидат презентирани активностите подетално, а, од финансиските извештаи се има увид врз сите расходи на установата на двете сметки, буџетската „903“ и сметката од сопствени приходи „787“.

## 2. Збогатување на библиотечниот фонд (книжен и некнижен)

Во текот на 2023 година ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ - Прилеп располага со книжен фонд од **123.534 книжни единици** (плус 11.820 книги од подрачната библиотека во населеното место Тополчани, кои се практично вон употреба, бидејки се крајно амортизирани, а подрачаната библиотека е вон функција, поради условите за кои очигледно нема можност да се подобрат, засега). Овие се податоци од спроведената ревизија во 2022/2023 година.

Но, библиотечниот фонд на установата минатата 2023 година е збогатен со новонабавените книги преку тендери и на други начини, за што се оддвоени околу 600.000 денари, плус за набавка на некнижен библиотечен материјал од околу 100.000 денари.

## Табела 1: Библиотечен фонд во 2023 година

| **Библиотечен фонд** | **книжен** | **некнижен** |
|---|---|---|
| Книги за деца и возрасни | **545.415** | |
| Уметнички дела | | **94.108** |
| Периодика | | **43.348** |
| Вкупен износ: (денари) | **682.871** | |

Дел од книгите се купени со откуп од автори, за што се потпишани договори.

Библиотеката вршеше редовна набавка на сериски публикации, дневните весници: „Вечер“ и „Нова Македонија“, коишто се купуваат со децении и ја бележат хрониката на настани во земјата. Во задолжителната периодика е секако и „Службен весник“,чија набавка е и наша обврска.

Стручните служби на установата извршија делумна стручна обработка на литературата, на монографските публикации, согласно правилата за каталогизација во Cobiss системот. Дел од книгите останаа за доработка оваа 2024 година, имајќи предвид дека трите каталогизаторки се пензионираа. Годинава две вработени (стручни кадри) треба да се стекнат со сертификат „А“, за каталогизија на монографски публикации. Меѓутоа, библиотеката по повеќе од една деценија, останува без каталогизатор за периодика. Доколку во иднина се вработат нови кадри, (библиотекари) тие да се едуцираат низ курсеви, за да може, по 3 години од нивното вработување да се

**Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“**
**ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија**
**тел:+38975 322 454; +38975 247 107**
**e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk**

стекнат со статус на стручен библиотекар –каталогизатор.

Според нашите оценки, оддвоените над 11.000 евра за библиотечен материјал, се доволен износ за овие реализирани набавки, кои што ја збогатуваат понудата на читачката јавност, во Прилеп. Обезбедена е квалитетна понуда во секоја смисла, жанровски и уметнички. Во оваа 2024 година со нова набавка, дополнително ќе се збогати фондот со нови и атрактивни наслови, колку во одделот за деца, толку во одделот за возрасни. Установата секоја година добива избор литература во издание на МАНУ и НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје. Се работи за книги и списанија што се дистрибуираат бесплатно, како задолжителен примерок на авторите, кои добиле средства, поточно нивните проекти се финансирани преку Министерството за култура, значи со буџетски средства. Оваа литература дополнително го збогатува фондот на установата.

И во овој документ, ја изразуваме благодарноста на библиотеката „Борка Талески“- Прилеп на донаторите, и благодарност за поддршката на градоначалникот г-дин Борче Јовчески, при реализацијата на сите активности.

Во поглед на изборот на новонабавената литература од издавачките куќи во Македонија, во набавната политика на установата и во 2023 година се водеше сметка, сѐ што се купува да биде на листата „барана“ литература која ги задоволува потребите на читателите.

Минатата година установата својот фонд го збогати и со дела од домашните библиотеки на одделни граѓани. Станува збор пред сѐ за белетристика, од автори кои се репрезенти на класиката, дел изданија кои што се одамна печатени, но сѐ уште барани од читателите.

Вредно е да се напомене дека со дела, персонални експонати, дневници, бележници ... на поедини автори кои имаат потекло од Прилеп, се збогатени Роднокрајната и Раритетната поставка. Овие се особено значајни донации, кои што поставките ги прават бесценети. Највреден експонат на установата е донацијата од МТФ „Војдан Чернодрински“- биста со ликот на драматургот Коле Чашуле, изработена од академскиот сликар Томе Серафимовски. Овој вреден експонат, сопругата на Чашуле, проф. д-р Јелена Лужина ја донираше на фестивалот, а претседателката на фестивалот, проф. д-р Ана Стојаноска, свечено ја предаде на установата на денот на отворање на МТФ во 2023 година.

Вредноста на овој експонат, на 5 други скулптури од прилепски автори, како и целата поставка, збогатена и со едно дело од академскиот сликар Сергеј Андреевски (синот на Петре М. Андреевски), (којшто имаше и своја самостојна изложба во нашата установа), ќе биде дополнително определена од страна на стручна комисија, која ќе биде формирано постизборно. Сите овие дела ќе ја красат Раритетната збирка на библиотеката „Борка Талески“-Прилеп.

Во текот на изминатата 2022/2023 година, како што стои погоре во овој документ, е реализирана ревизијата (попис) на библиотечниот фонд на ЈОУ Градска Библиотека „Борка Талески“ – Прилеп. Наскоро, согласно законска постапка, дефинирана со Правилник од НУ НУБ „Свети Клименти Охридски“- Скопје,а усвоен и од установата, треба да се изврши отпис на библиотечен материјал, т.е. сите стари книги, искинати, оштетени или уништени на другиначини, како и литература за која што со години не бил покажан никаков интерес. Дел од литературата, (која што не е оштетена од влага, мувла) треба да биде

предадена за рециклирање.

## 3. Издавање, чување, користење и заштита на книжниот фонд

**Интересот за книжевност и научна литература, изминатата 2023 година продолжи. Во прилог на ова тврдење оди фактот што според евиденцијата на двата пулта, значи во одделот за деца и одделот евидентирани се вкупно 33. 247 зајмувања.**

Тоа практично значи дека во одделот за деца се евидентирани 6.407 зајмувања, а во одделот за возрасни 26.840 зајмувања. Овој податок упатува на фактот дека кај децата, учениците во основно образование треба уште многу да се работи, на развивање на љубовта кон книгите и стимулирање на навиките, покрај редовната школска лектира, да зајмуваат и лектира, што значи, омилена литература за дома, во време на одмор. Овде вредно е да се напоменеме, потребата за интензивирање на соработката меѓу библиотеката и пред се, основните училишта.

**Преглед на членувања по години**

| Година | Број на членови | Издадена литература |
|---|---|---|
| 2020 | 1.815 | |
| 2021 | 2.427 | 30.638 |
| 2022 | 3.828 | 33.363 |
| 2023 | 3.190 | 33.247 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно запишани членови во cobiss (активни и пасивни) | 10.627 | |

Ако во 2021 година, во однос на 2020 година е очигледено зголемување на бројот на членови за околу 35 %, тогаш во 2022 во однос на 2020 година, бројот на нови членови е повеќе од двојно поголем. Во 2023 година евидентиран е пад на бројот на членови, но, тоа не се рефлектира видно врз бројот на зајмувања. Ова говори за фактот дека дел членови, во 2022 година, се појавиле само да ги вратат зајмените и со години невратени книги, обврска која што стана задолжителна со имплементација на COBISS системот.

Кога овие податоци ќе се стават во рамката на вкупниот број членувања на ниво на држава, (според информациите од Cobiss центарот во НУБ, со состојба 31.12.2023 година, а за цела 2023 година), тогаш очевидно е декабиблиотеката „Борка Талески“ - Прилеп го „држи“ 4-тото место во редот на сите јавни библиотеки во државата. Според бројот на зајмувања и членувања, на евидентната листа, е на повисоко ниво и од други национални установи, со поголем број вработени, поголем фонд, поголема палета активности и побогата понуда итн. Овие податоци говорат дека читачката јавност во Прилеп стабилна, а услугите што ги нуди установата се квалитетни. Што ќе рече, установата сама по себе не само што е „чувар“ на книжното и некнижно културно благо на градот и државата, туку е значаен фактор во креирање на културните политики и подигнување на нивото културни навики и потреби на своите граѓани.

## 4. Подрачни библиотеки во населба Варош и населено место Тополчани

Во текот на 2023 година, спроведена е ревизија во библиотечниот клон во Варош. Оваа подрачна библиотека е отворена во 1984 година. Во 2020 година почнува за прв пат процесот на обработка на литературата во Cobiss системот (градската библиотека овој систем го имплементира во 2006 година). Набавена е целосно нова опрема за работа. Но, неопходни се одредени градежни интервенции во просторот, санитарниот јазол, дограмата, влезот итн. Од друга страна недостига и кадар којшто ке работи на сервисирање на потребите на жителите во оваа населба. Со исполнување на овие предуслови, клонот може повторно да биде ставен во функција Подрачната библиотека во населеното место Тополчани е сместена во објект кој што се распаѓа. При ревизијата на литературата донесен е заклучок крајно амортизираните книги, набавувани пред децении, да се стават вон функција, а во соработка со основачот да продолжи потрагата на најадекватна солуција за нов простор опремен да ги исполнува условите за работа, со цел овој дел од општината да има на располагање свој библиотечен клон, што ќе ги сервисира потребите на жителите.

## 5. Културни манифестации (промоции, одбележувања,конкурси...)

Библиотеката во текот на 2023 година реализираше богата културна програма. Промоции, изложби, трибини, средби со автори, со читатели, реализирани конкурси, доделени награди на ученици и нивните ментори, многу чествувања, одбележувања ... Долга е агендата на

активности со кои што е збогатена културната понуда на нашите читатели, соработници, на нашите целни групи, автори - дебитанти, истакнати творци, активности кои се реализирани во соработка со други институции.

Во делот на соработката со училиштата и развивање на книжевните потреби кај новите генерации наши читатели одржани се четири конкурси: „ Млад библиотекар“, „Најдобар краснопис“, „Најдобра авторска творба“ и „Најдобра рецитација“. Доделени се награди (во книги и други подароци), дипломи и благодарници за учениците и нивните ментори. Во оваа активност беа вклучени учениците од сите училишта во општина Прилеп, како и нивните ментори.

## 6. Едукација на кадри

Градската библиотека во Прилеп како што е добро познато, освен штоја извршува основната дејност, за чување, издавање и заштита на библиотечен материјал, врши и каталогизација – стручна обработка на книжниот фонд на установата што се збогатува секоја година. Со цел извршување на сите обврски законски и со поголем квалитет во текот на годината се реализирани и одредени едукации за вработените, во зависност од обврските и задолженијата што ги имаат.

## 7. Административно – правни, сметководствено – благајнички работи

Административниот кадар во установата е претставен со еден архивар,којшто ги извршува архивските работи. Потребите за правно

сметоводствени работи ги извршуваат надворешно ангажирани лица. Работите се извршуваат, меѓутоа евидентна е потребата од вработување на стучни лица на работните места предвидени со Правилникот за систематизација.

## 8. Работа на помошно – техничката служба

Согласно со Правилникот за систематизација на работни места на установата и законските регулативи, оваа служба во установата е претставена со четворица (4) вработени; книговрзец (1) едно лице, хаус мајстор (1) и двајца хигиеничари.

Книговрзецот освен што работи во делот на репарација на литературата, со оглед на неговата верзираност и сензибилизација за потребите на установата е ангажиран и како замена на двата пулта (за деца и возрасни) и во магацинот, а по потреба е замена при водење архива.

Хаус мајсторот во установата ги извршува сите активности во негова надлежност, воедно е надлежен за спроведување на итна медицинска помош во вонредни услови. Паралелно согласно со потребите на установата, врши замена на кадрите, коишто работат во магацинот за книги и издаваат литература за потребите на пултовите. Едновремено извршува и курирски активности. Вклучен е исто така и во делот на распределба на материјали на вработените согласно со ЗЈН. Внес и достава на библиотечен материјал.

Хигиеничарите освен што се грижат за хигиената во установата, по потреба, исто така заменуваат во магацинот за книги, а вршат и

курирски обврски. Еден од нив е лице надлежно за спроведување на ПП заштита.

Целта на овој начин на работа е целосно искористување на потенцијалот на вработените, во услови на кадровски недостиг, секогаш кога за тоа има потреба, особено во време на користење на правото на одмор.

Инаку сите вработени во установата се ангажирани и работат во разни комисии согласно со потребите и регулативите кои мора да се имплементираат, со цел да се овозможи непречен тек на сите активности и функционирање на установата.

## 9. Инвестиции во 2023 година

Во текот на минатата 2023 година Библиотеката согласно со законската регулатива реализираше бројни набавки, со кои се подобрени условите за работа.

**Табела бр.5 . Реализирани набавки во 2023 година**

| ВИД НАБАВКА | СТОКИ, УСЛУГИ И РАБОТИ | ВРЕДНОСТ ВО ДЕН |
|---|---|---|
| **КНИГИ** | ЛЕКТИРИ, БЕЛЕТРИСТИКА, ЕНЦИКЛОПЕДИИ | **588.763** |
| **УМЕТНИЧКИ СЛИКИ** | СЛИКИ И СКУЛПТУРИ | **94.108** |

| | | |
|---|---|---|
| **НАБАВКА НА ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА** | КОМПЈУТЕРИ, ПЕЧАТАЧИ | **188.345** |
| **ПОД ВО КАНЦЕЛАРИИ НА ПУЛТ И ГАЛЕРИЈА** | ПОД | **186.971** |
| **САНАЦИЈА НА КРОВНА ПОКРИВКА** | РАБОТИ | **460.306** |
| **НАБАВКА НА КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА** | ПОЛИЦИ, СТОЛИЦИ, ПЛОТНИ ЗА МАСИ ... | **363.315.280** |
| **СОФТВЕР И ОПРЕМА ЗА ПОПИС** | СОФТВЕР, УРЕД, РИБОНИ ... | **67.912** |
| **УРЕДИ ЗА ГРЕЕЊЕ И ЛАДЕЊЕ** | **ФРИЖИДЕР, ДИСПАНЗЕРИ ЗА ВОДА** | **72.703** |

Библиотеката „Борка Талески“ има потреба од натамошна реорганизација на просторот, преадаптација и реконструкција. За жал дел потготвени проекти се уште не се реализирани, поради недостиг на средства, кои треба да бидат ставени на располагање на установата навреме, што значи НЕ КАКО ДОСЕГА 2 месеца пред крајот на годината, туку најмалку по истекот на вториот квартал.

Објектот и според Инспекцијата за заштита од пожари при ДЗС нема функционална хидрантска мрежа. Реконструкцијата на хидрантската мрежа и ставањето на

громобранска заштита и според насоките на Инспекцијата, како два најзначајни аспекти при заштита од пожари, треба дабидат решени со изработка на документацијата за реконструкција на објектот, прв пат откако е изграден. Во меѓувреме, како установа ги вршивме сите активности со комплетирање на системот за дојава на пожар, панични светла, ПП апарати – набавени се единаесет (11) нови во последните 2 години, покрај постоечките три ППА(3), изготвени се потребните правилници, планови... сите акти коишто треба да ги има установата. Едновремено континуирано се осигурува објектот, книгите и опремата, така што од овој аспект, библиотеката е целосно заштитена.

## 8. Реализација на буџетот по сметки

Во овој Извештај не презентираме детални бројки за потрошените средства за секоја ставка. Податоците се добиваат од увидот во финансиските извештаи за секоја сметка посебно и по ставки и потставки. Најважно е да се каже дека од проектираниот буџет на буџетската сметка „903“ во висина од 13.491.000 денари, реализирани се 11.857.189 денари. Неискористени се 1.633.811 денари (кои бараме од Советот да ни бидат дадени на располагање оваа 2024 година, со ребаланс на буџетот). На сметката од сопствени приходи „787“, планирани беа 1.500.000 денари. Од нив пренесен вишок од 2022 година се 754.361 денари. Поточно остварени се приходи од членарини и закуп на сала и опремаво висина од 679.223 денари или вкупен буџет во износ од 1.433.584 денари. Од нив потрошени се 747.978 денари, а заклучно со 31.12.2023 година на сметката остануваат 685.606 денари, како пренесен вишок за оваа 2024 година.

Од презентираните податоци, очевидно е дека установата со вкупниот број вработени (11) успеала да ја реализира својата програма со расположливите ресурси.

ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“-Прилеп заокружи уште една успешна година, во која ја зголеми својата видливост на национално ниво и пошироко, благодарение на афирмативната и богата програма, со која ја истакна важноста на установата, како центар на културни случувања во градот.

Установата успешно и гордо го носи епитетот „центар на информацијата и храм на книгата и култура“. Библиотеката е носител на многу активности, со кои определбата јавна, локална установа е премалку, за нејзините активности, видливост и интерес за организација на настани од страна на културната јавност во Македонија.

Овој е патот на развојот и растежот на јавните библиотеки во европски рамки. Установата го трасира својот пат, којшто треба да се следи и во иднина!

Со почит,

директор

м-р Моника Талеска

## IV. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

**Извештај за пожари и технички интервенции на подрачјето од Општините Прилеп, Долнени и Кривогаштани кое оперативно го покрива ПО на ДЗС-Прилеп на кои има интервенирано Територијалната Професионална Противпожарна Единица-Прилеп**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 година**

**СЛ** - по статистички лист
**ИГ** - интервенции на гасење
**ВК** - вкупно

**ПП** - професионални пожарникари
**ОС** - останати лица

**Табела бр. 1 - ПОЖАРИ**

| Пожари на | Број на пожари | | | Материјални штети причинети од пожарите | | | Пожари со непроценета материјална штета | | | Погинати лица | | | Повредени лица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | СЛ | ИГ | ВК | СЛ | ИГ | ВК | СЛ | ИГ | ВК | ПП | ОС | ВК | ПП | ОС | ВК |
| Објекти | 1 | 112 | **113** | 1200000 | | **1200000** | 1 | 112 | **113** | | 3 | **3** | | | **0** |
| Сообраќајни средства | 1 | 30 | **31** | 600000 | | **600000** | 1 | 30 | | | | **0** | | | **0** |
| Отворен простор | | 478 | **478** | | | **0** | | 478 | **0** | | | **0** | | | **0** |
| Останато | | 8 | **8** | | | **0** | | 8 | **8** | | | **0** | | | **0** |
| **ВКУПНО** | **2** | **628** | **630** | **1800000** | **0** | **1800000** | **2** | **628** | **630** | **0** | **3** | **3** | **0** | **0** | **0** |

**Табела бр. 2 СОПСТВЕНОСТ**

| Вид на сопственост | | Број на пожари | | | Материјална штета причинета од пожарите | | | Број на пожари со непроценета материјална штета | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | СЛ | ИГ | ВК | СЛ | ИГ | ВК | СЛ | ИГ | ВК |
| Приватна | | 2 | 207 | **209** | 1800000 | | **1800000** | 2 | 207 | **202** |
| Државна | | | 421 | **421** | | | **0** | | 421 | **415** |
| Странска | | | | **0** | | | **0** | | | **0** |
| Мешовита | Странско-домашна | | | **0** | | | **0** | | | **0** |
| | Државно-приватна | | | **0** | | | **0** | | | **0** |
| Останато | | | | **0** | | | **0** | | | **0** |
| **ВКУПНО** | | **2** | **628** | **630** | **1800000** | **0** | **1800000** | **2** | **628** | **630** |

**Табела бр. 3 - ОСИГУРУВАЊЕ**

| Вид на сопственост | | Бр. на осигурани | | | Бр. На неосигурани | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | СЛ | ИГ | ВК | СЛ | ИГ | ВК | СЛ | ИГ | ВК |
| Приватна | | 1 | 50 | **51** | 1 | 185 | **186** | 2 | 235 | **237** |
| Државна | | | 4 | **4** | | 389 | **389** | | 393 | **393** |
| Странска | | | | **0** | | | **0** | | | **0** |
| Мешовита | Странско-домашна | | | **0** | | | **0** | | | **0** |
| | Државно-приватна | | | **0** | | | **0** | | | **0** |
| Останато | | | | **0** | | | **0** | | | **0** |
| **ВКУПНО** | | **1** | **54** | **55** | **1** | **137** | **138** | **2** | **628** | **630** |

**Табела бр. 4 НАЧИН**

| Начин | | По статистички лист за пожари - СЛП | Интервенции за гасење - ИГ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Намерно | | | **0** |
| 2 | Невнимание | | 20 | **20** |
| 3 | Детска игра | | | **0** |
| 4 | Природна појава | | | **0** |
| 5 | Неутврдено | 2 | 608 | **610** |
| **ВКУПНО** | | **2** | **628** | **630** |

**Табела бр. 5 ПРИЧИНИ**

| Причина | | По статистички лист за пожари - СЛП | Интервенции за гасење - ИГ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Контруктивни недостатоци | | | **0** |
| 2 | Градежни недостатоци | | | **0** |
| 3 | Оштетувања - кварови | | | **0** |
| 4 | Ложиште - Огниште | | 152 | **152** |
| 5 | Искра од локомотива | | | **0** |
| 6 | Отворен пламен | | 388 | **388** |
| 7 | Догорче од цигара | | | **0** |
| 8 | Заварување | | | **0** |
| 9 | Ел. Уреди и апарати | | 15 | **15** |
| 10 | Електрични проводници | | 10 | **10** |
| 11 | Статички електрицитет | | | **0** |
| 12 | Провод загр со оптерет | | | **0** |
| 13 | Триење | | | **0** |
| 14 | Брусење | | | **0** |
| 15 | Судир | | | **0** |
